**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Бр. 08-6310**
**07.11.2018година**
**К а в а д а р ц и**

ДО

__________________

Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/2002), член 79 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/2005) и член 56 од Деловникот на Советот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.21/06), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на ОСУМНАЕСЕТТАТА седница**
**на Советот на Општина Кавадарци**

I

Ја свикувам Осумнаесеттата седница на Советот на Општина Кавадарци **на ден 14.11.2018година (Среда), со почеток во 12,00 часот.**

**Седницата на Советот на Општина Кавадарци ќе се одржи во Голема сала на Општина Кавадарци.**

I I

За работа на седницата го предлагам, следниот

**Д н е в е н р е д**

- Усвојување на Записник од Седумнаесеттата седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.10.2018 година;
- Усвојување на Записник од Седмата Вонредна Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 06.11.2018 година;

1. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година;
2. Предлог-Одлука за распределба на средства со намена за привремени вработувања;
3. Предлог-Одлука за распределба на средства со намена за набавка на моторни бензини дизел гориво и течен нафтен гас;
4. Предлог-Одлука за распределба на средства со намена за течни горива – екстра лесно масло за домаќинство(ЕЛ-1);

5. Предлог-Одлука за усвојување на Физибилити студија за финансиска и правна рамка за вршење на дејноста зонско паркирање во Општина Кавадарци од страна на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, изработена од CENTER FOR ECONOMIC ANALYSES (CEA) Скопје ;
6. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за јавните паркиралишта од значење за Општина Кавадарци;
7. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци;
8. Предлог-Одлука за престанок на важење на Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на територијата на Општина Кавадарци ;
9. Предлог-Одлука за престанок на важење на Одлуката за утврдување на тарифа за отстранување и чување на непрописно паркирани возила на територијата на град Кавадарци;
10. Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
11. Одлука за утврдување на тарифа за отстранување и чување на непрописно паркирани возила на територијата на град Кавадарци донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
12. Предлог-Правилник за начинот на отстранување и преместување на непрописно запрени или паркирани возила и приколки и нивно чување, донесен од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
13. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за Развој на Општина Кавадарци за 2018 година;
14. Предлог-Одлука за одредување на Проектот „ Приспособување на патната инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште во локалитетот Моклишко Езеро„ како приоритетен проект на Општина Кавадарци;
15. Предлог-Одлука за давање согласност за намена на инвестицијата (приспособување на патната инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште во локалитетот Моклишко Езеро);
16. Предлог-Одлука за давање под закуп на недвижни ствари на КП бр.2699 КО Марена во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање;

17. Одлука за расход на компјутерска опрема и електронски отпад со арх.бр.02-355/5 од 19.10.2018 година, донесена на седница на Училишен Одбор на ООУ„ Тошо Велков Пепето„ Кавадарци;
18. Одлука за изменување и дополнување на Одлука за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плаќање на долг на физички лица корисници на комунални услуги и трошоци во постапка спроведена пред надлежен суд или нотар бр.02-1110/4 од 24.09.2018 година, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
19. Предлог-Решение за разрешување и именување членови на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата;

**Напомена:** Материјалот по предложениот Дневен ред дополнително ќе Ви биде доставен по точките со ред бр.1, 2, 3, 4, 6, 7, 8, 9,10, 11, 12, 16, 18 и 19.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател**
**Ристо Сакалиев ,с.р**